МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став (5) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ И МЕТОДИТЕ ЗА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на храната за животни.

## Член 2

Начинот на земањето примероци и методите за анализа и суперанализа за контрола на квалитетот на храната за животни која се става во промет се врши согласно методите од Правилникот за начинот и постапката, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 151/12).

## Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.11-870/3 — Министер за земјоделство,

10 февруари 2014 година — шумарство и водостопанство,

Скопје — Љупчо Димовски, с.р.